**Совет на општина Шуто Оризари-Konsili ki komuna Šuto Orizari-Këshilli I komunës Shuto Orizari**
**Република Северна Македонија–Republika Utarali Makedonija-Republika e Maqedonisë së Veriut**

**Бр- No-Nr. 08-298/29**
**30.06.2026год-berš-viti**
**СКОПЈЕ- SKOPJE-SHKUP**

Врз основа на член 22 став (1) точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002), член 141 и член 142 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на РСМ“ бр. 104/2019, 146/2019, 275/2019, 302/2020, 311/2020, 163/2021, 294/2021, 99/2022 и др.), член 14 точка 8 од Статутот на Општина Шуто Оризари, а по Предлог на Градоначалникот на Општина Шуто Оризари, Советот на Општина Шуто Оризари на својата 7 -ма седница одржана на ден 26.06 2026 година, донесе

# О Д Л У К А

## за формирање на Општински совет за социјална заштита на Општина Шуто Оризари

### Член 1

Со оваа Одлука се формира Општински совет за социјална заштита на Општина Шуто Оризари како локално советодавно и координативно тело кое учествува во планирањето, развојот и следењето на социјалната заштита на подрачјето на Општина Шуто Оризари.

### Член 2

**Општинскиот совет за социјална заштита ги врши следните работи:**

- ја следи состојбата во областа на социјалната заштита;
- ги идентификува потребите на граѓаните и ранливите категории;
- изготвува Социјален план на Општина Шуто Оризари;
- предлага мерки и активности за развој на локални социјални услуги;
- иницира и поттикнува меѓуинституционална соработка;
- учествува во подготовка и следење на локални програми од областа на социјалната заштита;
- предлага мерки за социјална инклузија и подобрување на квалитетот на живот на граѓаните.

**Член 3**

**За членови на Општинскиот совет за социјална заштита се именуваат:**

- Ибрахим Ибрахими – Општина Шуто Оризари;
- Екрем Иљаз – Општина Шуто Оризари;
- Вукослав Кесиќ – Општина Шуто Оризари;
- Имирзат Селим – Министерство за внатрешни работи;
- Јасмина Зекир – Меѓуопштински центар за социјална работа Скопје;
- Салија Бекир Халими – Иницијатива за правата на жените;
- Емилија Петрушевска – СУГС „Шаип Јусуф";
- Надица Тотиќ – Институт за јавно здравје;
- Алвин Салимовски – ООУ „Браќа Рамиз и Хамид";
- Дритан Ганиу – ООУ „26 Јули";
- Амет Јашар – Здружение ИРИЗ;
- Езѓан Мемедов – в.д. директор на ЈОУДГ „8 Април";
- Претставник на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија;
- Претставник на Црвен крст на Република Северна Македонија;
- Претставник на Здружението за развој и унапредување на ромската заедница „Романо Чачипе".

**Член 4**

Мандатот на членовите на Општинскиот совет за социјална заштита трае четири години.

Во случај на престанок на функцијата или работниот однос на некој од членовите, институцијата или организацијата од која е предложен членот ќе номинира нов претставник.

**Член 5**

Општинскиот совет за социјална заштита избира претседател од редот на своите членови на првата конститутивна седница.

**Член 6**

Стручните и административно-техничките работи за потребите на Советот ги врши Општина Шуто Оризари.

**Член 7**

Оваа Одлука стапува во сила од денот на објавувањето во службен гласник на Општина Шуто Оризари и на веб страната на Општината www.sutoorizari.gov.mk

Претседател на совет
на Општина Шуто Оризари
Јаше Сефер, с.р.

**,,Градоначалник на општина Шуто Оризари- Šerutno ki komuna Šuto Orizari-Kryetari I komunës Shuto Orizari,,**
**,,Република Северна Македонија- Republika Utarali Makedonija-Republika e Maqedonisë së Veriut,,**

**Бр- No-Nr. 09-298/30**
**30.06.2026год-berš-viti**
**СКОПЈЕ- SKOPJE-SHKUP**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 и 16 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ “ бр.05/02 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24) и член 45, точка 2 и 12 од Статутот на општина Шуто Оризари,(„Службен гласник на Општина Шуто Оризари“ бр.01/97), Градоначалникот на општина Шуто Оризари донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

**За прогласување и објавување на Одлуката за формирање на Општински совет за социјална заштита на Општина Шуто Оризари**

### Член 1

Се прогласува и објавува Одлуката за усвојување на Одлуката за формирање на Општински совет за социјална заштита на Општина Шуто Оризари , Советот ја донесе на Седницата одржана на 26-ти Јуни 2026 година.

### Член 2

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Шуто Оризари“ и на веб страната www.sutoorizari.gov.mk.

Градоначалник на
Општина Шуто Оризари
Дудуш Курто, с.р.